Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 10-2003/1
29-09-2021 год.
Скопје

# ПРОТОКОЛ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРИЕМ НА СТУДЕНТИТЕ ОД I (ПРВА) ГОДИНА НА ФИЛОЗОФСКИОТ ФАКУЛТЕТ ЗА УЧЕБНАТА 2021/2022 ГОДИНА

## Воведен дел

Врз основа на Општите препораки за организирање на настани (Сл. Весник на РСМ бр. 226 од 21.9.2020 г.), Прилог бр. 42 - протокол за начинот и условите за организација на настани (https://vlada.mk/protokoli-koronavirus) и Соопштението за прием на студенти од Деканатот на Факултетот, со цел безбеден и успешен прием на студентите од I (прва) година на Филозофскиот факултет – Скопје за учебната 2021/2022 година и одржување на првиот академски час се изготвува овој Протокол за прием на студентите на Факултетот во услови на прогласена пандемија со корона вирусот Covid-19.

Почитување на Протоколот за реализација на прием на студентите од I (прва) година на Филозофскиот факултет – Скопје за учебната 2021/2022 година е во насока на заедничка заштита и ги намалува можностите за ширење на вирусот на Факултетот.

- **ПРИСТИГНУВАЊЕ НА НАСТАНОТ**

  - Поради ограничени капацитети на паркингот на кампусот на УКИМ на ден 1 октомври 2021 година со цел почитување на „Општиот протокол за организирање на настани“, паркингот ќе биде затворен за надворешни посетители
  - Настанот ќе се одржи на отворено пред скалите и платото пред споменикот на Св. Кирил и Методиј од страната на Филозофскиот факултет со официјален прием во 13:00 часот. Заради соодветно спроведување на здравствените протоколи, потребно е студентите да пристигнат 10 минути пред почетокот на настанот
  - Просторот за одржување на настанот ќе биде јасно означен.
  - Задолжително одржување на физичко растојание од 1,5-2 метри.
  - Од самиот влез од страната на паркингот на УКИМ ќе бидат поставени ознаки со кои ќе бидат означени правците на движење на студентите до просторот на одржување на настанот.
  - Од страна на редарска служба ќе биде регулирано препорачаното растојание помеѓу посетителите при влез и

излез, како и контролата на спроведувањето на мерките од овој протокол
- Влезот во Факултетот за студентите нема да биде дозволен, освен за итни и неодложни потреби (по завршувањето на настанот и со повторно мерење на телесната температура пред влез во Факултетот и дезинфекција на рацете)
- Секој посетител на настанот кој нема да се придржува кон мерките предвидени со овој протокол ќе биде отстранет од настанот

- **ЗДРАВСТВЕНО – ХИГИЕНСКИ УСЛОВИ**

  - Пред одржување на настанот од страна на помошно - техничкиот персонал на Факултетот ќе биде извршена дезинфекција и чистење на просторот
  - Задолжително е носењето на лична заштита на лицето на сите присутни на настанот (маски)
  - При влез на обележаното место за одржување на настанот на отворено на сите присутни ќе им биде мерена телесна температура со безконтактен топломер. Во случај на покачена телесна температура (над 37°Ц) нема да биде дозволен пристапот на настанот
  - Од страна на редарската служба ќе биде извршена задолжителна дезинфекција на рацете на присутните
  - Пред седнување на поставените столчиња од страна на редарската служба поединечно секое столче ќе биде дезифинцирано
  - Задолжителна дезинфекција на микрофон и бинска опрема пред настапот на секој учесник на настанот согласно со Агендата за прием и одржување на првиот академски час
  - За време на приемот на студентите ќе им бидат доделени индексите од страна на координаторите на студиските програми. Доделувањето на индексите ќе се одвива на 4 локации. Студентот пристапува за подигнување на индексот кон локацијата каде е обележана студиската група каде е запишан, повторно ќе му биде извршена дезинфекција на рацете и воедно ќе му биде доделена членска карта од НУБ.
  - По извршениот прием на индексот, студентот од страна на редарската служба ќе биде упатен кон насоката за излез од настанот.
  - Доколку временските услови не овозможат доделување на индексите на платото пред факултетот истото ќе се

реализира во аулата на Филозофскиот факултет, притоа запазувајќи ги сите протоколи и мерки за заштита.

**ВАЖНА НАПОМЕНА**

Со цел спречување на можноста од ширење на заразата од корона вирусот Covid – 19 се замолуваат сите студенти доколку имаат некој од следните симптоми – знаци на можна инфекција со Covid – 19 (покачена телесна температура, симптоми на респираторна болест – кашлица, отежнато дишење, воспалено грло, пореметување на чувството за мирис и вкус како и гастроинтенстеинални тегоби – дијареа, повраќање и абдоминална болка) да не доаѓаат на настанот. Студентите кои ќе бидат спречени лично да присуствуваат на приемот и првиот академски час ќе можат да ја следат свечената церемонија преку платформата ЗУМ, како и преку факултетските социјални медиуми. Подигнувањето на индексите и другите пропратни материјали ќе можат да го направат од 4.10.2021 година, кај координаторите на Институтите.

Д Е К А Н
на Филозофскиот факултет

---------------------------
Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
Филозофски факултет Скопје